**ДП. 223**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) по пријавата на подносителот С.Р. Петровска од Скопје на седницата одржана во просториите на КИРМ на ден 28.10.2010 год., го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Извршителот М.Х. од Скопје,во врска со предмет И.бр. 587/07,

**виновен е за сторена неуредност**

по чл. 55 ст.1 т.а од Законот за извршување, согласно на правилата на кривична постапка за примена на поблаг закон, му се изрекува

***устен укор***

со предупредување повредата во иднина да не се повтори

**затоа што**
спротивно на чл.17 од ЗИ извршителот постапувал врз основа на исправа која е неповолна за извршување.

*Образолжение*

До Комората на извршители на РМ поднесена е пријава на ден 07.10.2009 година од подносител С. Р. П. која се однесува на работењето на извршител М.Х. од Скопје во врска со предмет И.бр. 587/07. Извршителот на ден 22.10.2009 год. достави свој образложен одговор.

Дисциплинската комисија при КИРМ, постапувајќи по пријавата на подносителот на одржаната седница ги разгледа наводите изнесени во пријавата, одговорот на пријава од извршителот М.Х. од Скопје, останатите списи во прилог на предметот, одлучи да го огласи на извршителот за виновен за дисциплинска повреда по чл. 55 ст.1 т.а од ЗИ и согласно член 56 ст.1 т. а) од Законот за извршување, му определи устен укор кој му се упатува на извршителот во присуство на претседателот на Комората, со предупредување повредата да не се повтори.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската мерка ги имаше предвид олеснителните околности и отежнителни околности, и особено го ценеше фактот што не е предизвикана ненадоместлива штета со оглед на тоа што извршителот направил поврат на средства на сметка на должник како и дека извршителот со Заклучок И.бр.587/07, врз основа на чл.3 ст.2 од ЗИ, барањето за спроведување на извршување го одбил. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Со оглед на горе наведеното Дисциплинската комисија при КИРМ, одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Одлучено во Скопје на ден 28.10.2010 година